Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија (МКМ) за потребите на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина” на 26.02.2026 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на експерт/ка за изработка на Методологија за Индекс на еколошка транспарентност (ЕТИ) – мониторинг и известување

## 1. Опис и цели на проектот

Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија (МКМ) во партнерство со Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Здружението на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија го спроведуваат проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“, поддржан од Expertise France.

Основна цел на проектот е да придонесе кон ефективно граѓанско учество за поголема заштита на животната средина во Република Северна Македонија.

Специфични цели на Проектот се:

1. Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за учество во донесувањето одлуки за животната средина и користење на правни механизми;
2. Зголемена одговорност и транспарентност на државните институции и судството за заштита на животната средина.

## 2. Опис на активноста, предмет на овој повик

Целта на овој повик е да се ангажира експерт/ка кој/а ќе изработи Методологија за Индекс на еколошка транспарентност (ЕТИ) – мониторинг и известување, која ќе претставува аналитичка и методолошка основа за подготовка на извештаи за еколошка транспарентност.

Методологијата треба да биде усогласена со правниот и институционалниот контекст на Северна Македонија и да овозможи стандардизирано следење, оценување и рангирање на институциите во однос на нивото на еколошка транспарентност.

Методологијата треба да:

- ги идентификува националните и меѓународните стандарди за еколошка транспарентност кои ќе бидат мониторирани;
- обезбеди критериуми за избор на институции на централно и локално ниво кои ќе бидат мониторирани;

Милиеуконтакт Македонија
Кукушка 4А, 1000 Скопје
Р. Северна Македонија
www.mkm.mk
info@mkm.mk

- дефинира индикатори, методи и алатки за мониторинг и оценување;
- развие систем за бодување и рангирање на институциите;
- интегрира родова перспектива, инклузивност и пристапност за лица со попреченост.
- ја дефинира структурата на ЕТИ извештаите;

Фокусот на Методологијата треба да биде ставен на:

- достапност на ОВЖС и СОВЖС документација;
- објавување известувања за увид и јавни консултации;
- објавување годишни извештаи за животна средина;
- одговори на барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- објавување документи поврзани со користење на правни лекови и пристап до правда.

Содржината на Методологијата ќе биде дефинирана во соработка со Милиеуконтакт Македонија (МКМ), а начелно треба да ги содржи следните поглавја:

- општо за методологијата (цели, потреба, опфат и принципи);
- правна и институционална рамка (национално и ЕУ законодавство);
- критериуми за избор на институции кои ќе бидат предмет на мониторинг;
- области на мониторинг;
- методологија на мониторинг (фази, извори на податоци, верификација, анализа и споредба на резултатите, заклучоци и препораки);
- индикатори и системи за оценување (видови на индикатори, систем за оценување, категории на оценување, анализа на резултатите);
- пристапи на инклузивност, еднакви можности и родова еднаквост;

Експертот/ката ќе работи во координација со проектниот тим и ќе ги извршува следните задачи:

- Учество на иницијален состанок за усогласување на структурата и методологијата;
- Подготовка на Методологија за Индекс на еколошка транспарентност (ЕТИ);
- Подготовка на индикатори, систем за мониторинг и рангирање;
- Подготовка на Методологијата и кратко резиме (5 страни);
- Учество во ревизија и финализација на текстот;

Милиеуконтакт Македонија
Кукушка 4А, 1000 Скопје
Р. Северна Македонија
www.mkm.mk
info@mkm.mk

## 2.1. Очекувани продукти

- Изработена Методологија за Индекс на еколошка транспарентност (ЕТИ) (приближно 20–25 страници);
- Разработени индикатори и систем за мониторинг и рангирање;
- Кратко резиме на Методологијата (максимум 5 страници).

Методологијата треба да биде подготвена на македонски јазик.

# 3. Потребни квалификации

Кандидатот/ката треба да ги исполнува следните квалификации:

- Најмалку 5 години релевантно искуство во областа на транспарентност и отчетност; мониторинг и евалуација; животна средина; добро владеење, јавни политики или владеење на правото;
- Познавање на националната и меѓународната правна рамка поврзана со пристап до информации; учество на јавноста; пристап до правда во областа на животната средина;
- Искуство во подготовка на методологии, анализи, индекси, мониторинг алатки или извештаи;
- Искуство со развој на индикатори и системи за оценување;
- Способност за изработка на јасен, аналитички и практично применлив текст.

## 3.1. Потребни документи

Овој повик е јавен и ги охрабрува сите заинтересирани кандидат(к)и кои ги исполнуваат горенаведените услови да се пријават и да ги достават следните документи:

- Кратка биографија (CV, максимум 3 страници);
- Листа на реализирани активности и изработени документи релевантни за предметот на повикот;
- Пример од претходен релевантен ангажман (методологија, анализа, индекс, мониторинг извештај или сличен документ);
- Краток предлог-пристап за изработка на Методологијата (најмногу две страници).

* Методологијата ќе биде дополнително прецизирана и дефинирана во соработка со проектниот тим.

## 4. Временска рамка, договор и плаќање

Времетраењето на работниот ангажман е предвидено да трае вкупно 15 работни денови.

За ангажманот е предвиден надоместок од 150 евра во денарска противвредност за работен ден, односно вкупно 2.250 евра во денарска противвредност.

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за ангажман. Експертот/ката треба да достави time-sheet, проследени со краток наративен извештај за изработените работни задачи на англиски јазик.

## 5. Начин на аплицирање

Проектниот тим ги охрабрува сите физички и правни лица, консултант(к)и и експерт(к)и кои се пронаоѓаат во описот на проектната задача и ги исполнуваат барањата, да ги достават потребните документи на e-mail: info@mkm.mk, најкасно до 05.03.2026 (четврток) до 10:00 часот, со назнака: „Експерт/ка за изработка на Методологија за Индекс на еколошка транспарентност (ЕТИ)“

## 6. Критериуми за избор

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| Релевантно професионално искуство | 30 |
| Познавање на правната и институционалната рамка | 25 |
| Искуство во подготовка на методологии, анализи и мониторинг алатки | 25 |
| Квалитет и релевантност на претходна работа / пример доставен од кандидатот | 20 |
| Вкупно бодови | 100 |

*Кандидатите ќе бидат информирани за исходот од постапката.

Милиеуконтакт Македонија
Кукушка 4А, 1000 Скопје
Р. Северна Македонија
www.mkm.mk
info@mkm.mk